ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:** Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за кардиохирургија - Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка за сопствени приходи - 531

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- не е утврдена старосната структура, ниту се преземени активности за постапување и наплата на побарувањата;
- поради недоследности и недоволна контрола при набавките на стоки и услуги од Јавната установа, не може да се потврди реалноста на исплатените средства;
- недоследности при исплатата на надоместоци за странските едукатори согласно Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести во 2020 година.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Воздржување од давање мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со законската регулатива.

**Клучни препораки:**
- изготвување на детална анализа на старосната структура на побарувањата кои потекнуваат од минати години и давање предлог на Управниот одбор на Клиниката за начинот на постапување и наплата на побарувањата;
- воспоставување начин на следење и потврдување на присуството на странските едукатори на Клиниката во функција на исплата на надоместоците согласно договорите.

**Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет:**
Ревизијата обелоденува за начинот на кој се реализира Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести и укажува на Министерството за здравство да ја преиспита потребата од понатамошно продолжување на програмата и во наредни години во истиот обем и начин како и претходно.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 17-172/8 од 13.12.2021 година.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување